Врз основа на член 36 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија” бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19) и член 5-а став (1) точка 1) алинеја 25 од Статутот на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија бр.01-391/2 од 26 август 2011 година и бр.01-374/6 од 19 март 2019 година, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 30 април 2020 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за донесување на Годишен извештај за работата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија во 2019 година**

**Член 1**

Се донесува Годишен извештај за работата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија во 2019 година.

**Член 2**

Годишниот извештај од член 1 на оваа Одлука, да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

**Член 3**

Годишниот извештај, од член 1 на оваа Одлука, да се достави до Владата на Република Северна Македонија и до Министерството за економија на Република Северна Македонија, заради нивно информирање.

**Член 4**

Годишниот извештај, од член 1 на оваа Одлука да се објави на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, а во рок од 30 дена од објавувањето да се достави до Секретаријатот на Енергетската заедница.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Член 6**

Се задолжуваат стручните служби да ја спроведат Оваа Одлука.

**Бр. 02-1089/1**
**30 април 2020 година,**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Марко Бислимоски**